Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

AKTIVO CENTER FOR ACTIVE CITIZENS
ЦЕНТАР ЗА АКТИВНИ ГРАЃАНИ

ЗДСРМ

# *Истражување* НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ БУЏЕТСКИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНИТЕ ОД КРИЗАТА ВО 2022 ГОДИНА ВРЗ ОБЛАСТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ




Проект:

Ефекти на финансиската и енергетската криза врз политиките и врз граѓаните

септември 2023

„Истражување на последиците од зголемените буџетски трошоци од кризата во 2022 година врз области кои влијаат врз животот на граѓаните“

**Издавач:** Центар за граѓански комуникации

**Автори:** Александар Јанев и Герман Филков

**Истражувачи тим:** Павлинка Стрезоска и Елмир Факиќ

**Лектура:** Татјана Б. Ефтимоска

**Ликовно-графичко обликување:** Кома

**Печати:** Кома

**Тираж:** 200

Бесплатен/некомерцијален тираж

ЦИП

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Проектот „Ефекти на финансиската и енергетската криза врз политиките и врз граѓаните“ е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Швајцарската влада, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

# СОДРЖИНА


КЛУЧНИ НАОДИ 4

КОНТЕКСТ 6

ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ БУЏЕТСКИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНИТЕ ОД КРИЗАТА ВО 2022 ГОДИНА ВРЗ ОБЛАСТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ 8

„Настрадани“ капитални проекти 8

Трошоците за енергија колку инвестициите во градежни објекти 12

Општини со најголемо потфрлување на реализацијата на ставката 482 – Други градежни објекти 16

Трансферите од централно на локално ниво растат 27

Со законски измени до поголеми приходи за општините 28

ПРЕПОРАКИ 31

ПРИЛОГ 33

КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ 37

# КЛУЧНИ НАОДИ

- **Капиталните проекти, во годината на енергетска криза, ги преживеале ребалансите, но на крајот не се реализирале целосно.** Сите ЕЛС заедно, сосе градот Скопје, во екот на енергетската криза во 2022 година, со одделни ребаланси ги скратиле незначително плановите за инвестирање во градежни објекти (ставки 481 и 482), од 8,6 милијарди денари (140 милиони евра) на 8,2 милијарди денари (133 милиони евра). Меѓутоа, значително потфрлиле кога е во прашање реализацијата. Така, од оваа планирана сума на крајот се инвестирале 5,5 милијарди денари (89 милиони евра), што значи дека не се реализирале градежни капитални проекти во вкупна вредност од 3 милијарди денари (51 милион евра).

- **Трошоците за енергија колку инвестициите во градежни објекти.** Со ребалансите, сите ЕЛС ги зголемиле буџетските ставки од кои се плаќало енергија, и тоа 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт и 461 – Субвенции за јавните претпријатија, и тоа од 3,4 милијарди денари (56 милиони евра) на 5,3 милијарди денари (86 милиони евра). Реализацијата на овие две ставки на крајот од 2022 година изнесува 4,7 милијарди денари (76 милиони евра).

- **Во 2022 година, сите ЕЛС потрошиле дури 74,6 % повеќе пари од буџетската ставка 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, споредено со 2021 година.** Иако властите презедоа низа мерки за штедење енергија во државните институции, зголемувањето на трошоците за енергија на општините на годишно ниво е далеку поголемо од регистрираната стапка на инфлација во категоријата Електрична енергија, гас и горива, каде што просечните цени во 2022 порасанале 16 % споредено со 2021 година.

- **Дури 19 ЕЛС имаат натпросечно високо потфрлање во реализацијата на капиталните градежни објекти.** Тоа значи дека, на ниво на општини, отстапувањето меѓу проектираното и реализираното се движи во рамките од 570 илјади до 12 милиони евра. Само оваа група ЕЛС се „виновни“ за нереализирањето на 84 % од сите неизградени капитални објекти лани. Во прилог на истражувањето е дадена листа на сите овие општини и одделните капитални проекти што биле планирани, но не се изградиле во 2022 година, под влијание на енергетската криза.

- **Дури 70 ЕЛС имаат капитални расходи помали од 100 евра по жител на годишно ниво.** Во овие општини живее 95 % од населението во земјава, додека во преостанатите 11 општини со капитални расходи над 100 евра по жител годишно, живее само 5 % од населението.

- **Кај останатите расходи, локалните власти се однесувале како да не е криза,** па така во 2022 година е забележан раст на трошоците за патни и дневни расходи (буџетска ставка 420) за дури 145 % споредено со годината претходно, за основни плати (буџетска ставка 401) расходите пораснале за 5,4 %, договорните услуги (425) во 2022 година пораснале за 25,9 % на годишно ниво, додека, пак, трошоците за привремени вработувања (427) се зголемиле за 3,3 %.

- **Се воочуваат огромни разлики во буџетските расходи на општините, гледано по жител. Најголем буџет по жител има Новаци, 736 евра, додека на**

**дното е Пласница, чиј буџет по жител е шестпати помал и изнесува само 117 евра.**

- **И покрај зголемените трансфери од централниот буџет во 2022 година за 10 %, овозможени со законските измени за поголема фискална децентрализација, сепак вкупните приходи на сите ЕЛС на годишно ниво се зголемени за незначителни 0,9 %.** Ова е, главно, поради послаба наплата на даноците на специфични услуги (Надомест за уредување градежно земјиште, комунални такси).

- **Во исто време, општините повторно натрупале долгови од 4.084.138.029 денари (66,4 милиони евра) доспеани обврски, заклучно со крајот на 2022 година, и покрај обидот на државата во 2019 година да им подмири голем дел од заостанатите обврски.** На крајот од 2022 година, дури 14 од општините имале и блокирани сметки.

# КОНТЕКСТ

Граѓаните на Северна Македонија живеат во економски најнеизвесниот и најтешкиот период во последните 20 години. Тоа што почна како здравствена криза, со пандемијата на КОВИД-19, набрзо се претвори и во економска и финансиска криза, а минатата година, особено по избувнувањето на војната во Украина, земјата и граѓаните се соочија и со енергетска криза.

Кризите ги намалија приливите во буџетите поради значително намалената економска активност, а истовремено се зголемија потребите и цените за многу основни производи. Покрај негативното влијание на кризите врз јавните финансии, тие имаа особено негативно влијание врз луѓето, врз нивниот стандард на живеење, дури и врз некои од нивните основни човекови права. Особено се погодени сиромашните и маргинализираните групи чија, и онака тешка, состојба само се продлабочи. Сето ова има и краткорочно и подолгорочно влијание врз граѓаните и врз нивните животи, и тоа директно и индиректно, како услови и амбиент за живот и работа.

**Кризите ги намалија приливите во буџетите поради значително намалената економска активност, а истовремено се зголемија потребите и цените за многу основни производи.**

Од друга страна, кризите ги поткопаа и онака кревката демократија и владеењето на правото, затоа што ограничените капацитети на централните и на локалните власти главно беа насочени кон справување со вонредни ситуации. Преземајќи, најчесто ад хок, мерки за справување со кризите, властите заборавија на одговорноста, отчетноста, транспарентноста, дури и на информирање на јавноста за ефектите на кризата и мерките врз граѓаните, врз нивниот живот и работа, како и врз нивните права.

Политиките и мерките што ги преземаат централната и локалните власти како одговор на финансиската и енергетската криза (манифестирани во двоцифрена инфлација, недостиг и високи цени на енергенсите, постојано опаѓање на животниот стандард на граѓаните и стагнација на економијата), се одразуваат врз буџетите.

Граѓанските организации, а воедно и граѓаните, беа недоволно активни во следењето на овие процеси и, соодветно на тоа, недостига воочување на конкретните слабости што овозможуваат јавниот интерес да биде ставен во сенка на политичките интереси и на краткорочното „купување мир“ во однос на економската криза. Јавноста е информирана исклучиво за аспекти од буџетските трошења кои се оценети како релевантни од страна на носителите на власта, и на централната и на локалната. Во сиот овој период не само што не се анализираше и не се зборуваше за проблемот, туку тој дополнително беше занемарен со новите политички случувања во земјата кои, на еден начин, ги потиснаа од јавниот дискурс суштинските прашања на коишто треба да одговори проектот. Имено, наместо на анализите, дискусиите и активностите да се додаде негативното влијание на кризите врз животите на луѓето, доминантната тема беше влијанието на кризите врз јавните финансии. А наративите како јавни финансии, зајмувања, „дупки“ во буџетите и слично, сè уште се водат како да се „отуѓени“ и далечни од луѓето, а не како нешто што е директно поврзано со граѓаните, нивните животи и (не)остварувањето на нивните човекови права.

Оттука, станува сè попотребно да се лоцираат тие влијанија врз луѓето и да послужат како патоказ за постапување во случај на нови или на продолжување на сегашните кризи. Затоа, оваа анализа имаше за цел

да ги детектира областите кои се најмногу погодени од енергетската криза, односно оние каде што се направени најголемите кратења на буџетите (трошоците) за да можат да се покријат зголемените трошоци (плаќања) како резултат на кризите. Односно, да детектира како буџетските трошења на државата и на општините за 2022 год., кои се менуваа под влијание на економската криза (инфлација, стагнација и енергетска криза), се одразуваат врз граѓаните, преку мапирање на сегментите каде што има најголеми слабости и предлагање мерки кои треба да овозможат трошењата да бидат во најдобар интерес на граѓаните.

Методолошки, потребните податоци за истражувањето и анализата се прибрани од примарни извори (директно од опфатените институции, нивните веб-страници, интервјуа, како и преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер) и од секундарни извори (од други институции, веб-страници, меѓународни институции итн.). Сортирањето и обработката на прибраните податоци беа направени со помош на компјутерски програми и алатки за да може податоците да бидат погодни за квалитетна анализа. Анализата е направена квантитативно, преку математичка обработка на нумеричките податоци, и квалитативно, преку дескриптивна и контекстуална анализа на состојбата, на причините и последиците. Во средиштето на истражувањето се буџетите на државата и на општините кои даваат приказ на планираните политики и трошења (усвоениот буџет), влијанието на кризата врз приходите и расходите и, како резултат на тоа, измените и корекциите во буџетите (ребаланс на буџетот и одлуките за прераспределба на средства), како и реалните случувања и степенот на реализација на политиките, но и посреден приказ на ефектите врз животите на граѓаните (преку реализацијата на буџетот, односно завршната сметка на буџетот).



# ДЕТАЛНО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗГОЛЕМЕНИТЕ БУЏЕТСКИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНИТЕ ОД КРИЗАТА ВО 2022 ГОДИНА ВРЗ ОБЛАСТИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ

Бројни патишта и улици, булевари, тротоари, плоштади, комунална инфраструктура, градинки и училишта, гасификации на општините – останале нереализирани во 2022 година бидејќи локалните власти, со ребалансите на буџетите, ги скратиле овие проекти од своите планови за капитални инвестиции, за сметка на поголемите трошоци за енергија во екот на енергетската и економската криза.

Не се реализирале целосно ниту проектите што успеале да ги „преживеат“ ребалансите, бидејќи сепак останале само на хартија во ревидираните буџети.

За време на оваа голема енергетска криза кога цените на енергијата, но и на сите останати производи, се вивнаа до плафон, достигнувајќи годишна стапка на инфлација речиси до 20 % во октомври лани, општините со ребалансите всушност ги зголемиле своите планови за трошење, но за тековни потреби.

Почетните буџети на општините во 2022 година изнесувале 45.050.433.609 денари (732.527.375 евра). Со ребалансите на буџетите, оваа сума е дури зголемена за 5,24 %, односно за 2.361.703.989 денари (38.401.691 евра). Со тоа, вкупниот буџет на сите ЕЛС достигнал 47.412.137.598 денари (770.929.066 евра), но, на крајот од годината, реализирани се 83,73 % од оваа сума, односно 39.697.534.979 денари (645.488.374 евра).

### Вредност на вкупните општински буџети и нивната реализација во 2022 година (во милион евра)




Реализираните буџетски расходи по ЕЛС се движат од 94 милиони евра кај Град Скопје, до 492 илјади евра во Пласница. Гледано по жител, најголем буџет има Новаци, 736 евра, додека на дното е Пласница, чиј буџет по жител е шестпати помал и изнесува само 117 евра. Детален приказ на реализираните буџети на ЕЛС е даден како прилог на истражувањето.

## „Настрадани“ капитални проекти

Сите 81 ЕЛС, минатата година потрошиле 6.477.414.780 денари (105.323.817 евра) за капитални проекти, што значи дека реализирале 63,2 % од првично планирана сума во буџетската ставка 48 – Капитални расходи. Меѓутоа, оваа ставка, освен што ги вклучува градежните објекти коишто во јавноста се поимаат под капитални инвестиции, е поширока и вклучува и купување опрема и машини, мебел, возила, односно други капитални добра коишто не се сметаат за продуктивни инвестиции, како што се градежните објекти, односно улиците, патиштата, тротоарите, градинките, комуналната и другата јавна инфраструктура.

Во време на криза, ставката 480 – Купување машини и опрема, се реализирала помалку отколку во 2021 година, и тоа за 15,9 %, а помалку се потрошило и за купување мебел и возила.

## Капиталните расходи на ЕЛС во 2022 година, во денари

| Буџетска ставка | Почетни буџети | Ребаланси на буџетите | Реализација |
|---|---|---|---|
| **48 – Капитални расходи** | **10.253.679.825** | **9.865.717.403** | **6.477.414.780** |
| 480 – Купување опрема и машини | 779.642.271 | 802.359.573 | 478.390.521 |
| 481 – Градежни објекти | 539.539.601 | 492.531.893 | 251.646.687 |
| 482 – Други градежни објекти | 8.043.958.257 | 7.706.750.996 | 5.202.627.818 |
| 483 – Купување мебел | 105.411.858 | 90.372.968 | 42.891.412 |
| 484 – Стратешки стоки и други резерви | 151.660 | 151.660 | 30.150 |
| 485 – Вложувања и нефинансиски средства | 465.075.476 | 417.760.066 | 258.668.890 |
| 486 – Купување возила | 279.394.702 | 311.131.711 | 199.156.774 |
| 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 40.506.000 | 44.658.536 | 44.002.528 |

Поконкретно, за инфраструктурните градежни проекти, анализата на одделни буџетски ставки коишто се сметаат за капитални инвестиции што директно може да го подобрат квалитетот на живот на граѓаните, а тоа е буџетската ставка 481 – Градежни објекти (која опфаќа станбени и деловни објекти), покажува дека во 2022 со ребалансот е намалена за 9 %, додека, пак, буџетската ставка 482 – Други градежни објекти (која опфаќа улици, патишта, мостови, депонии за отпад, средства за телекомуникации и за енергетика, и други објекти) е скратена за 4 %.

Понатаму, токму кај овие значајни ставки всушност дошло и до многу ниско ниво на реализација, и тоа кај 481 – Градежни објекти, реализирани се проекти во износ од 251.646.687 денари (4,1 милиони евра), што е само половина, односно 51 % од предвидената сума со ребалансот. Споредено со првичниот буџет, пак, реализацијата е уште помала, односно само 46,6 %.

Другата, многу поголема ставка, 482 – Други градежни објекти, од првично планираните 8.043.958.257 денари (130,8 милиони евра), со ребалансот е намалена на 7.706.750.996 денари (125,3 милиони евра), а од нив, до крајот на 2022 година се реализирани 5.202.627.818 денари (84,6 милиони евра), што е 67 % во однос на планираната сума со ребалансот, односно 65 % од првичниот план на почетокот на 2022 година.

## Буџетска ставка 482 – Други градежни објекти во 2022 година (во милиони евра)



Вкупно од овие две ставки, инвестициите во градежни објекти во 2022 година изнесуваат 5.454.274.505 денари (88,7 милиони евра), и тоа е само 13,7 % од сите направени трошоци од локалните власти во таа година.

Оттука, произлегува дека сите ЕЛС заедно, сосе градот Скопје, не реализирале градежни капитални проекти во вкупна вредност од 3.129.223.353 денари (50,9 милиони евра ) во однос на првичниот план на почетокот од 2022 година.

Иако капиталните инвестиции низ годините имаат тенденција да не се реализираат целосно, како на централно така и на локално ниво, сепак 2022 година е послаба дури и во споредба со реализацијата на овие инвестиции и во 2021 и во 2020 година.

Евидентно е дека 2021 година е својевидно рекордна кога се зборува за реализирани капитални инвестиции, но станува збор за изборна година кога вообичаено се „работи" со зголемена динамика од обично.

Ако се спореди со 2021 година, кога се инвестирале 7.336.760.741 денари (119,3 милиони евра), произлегува дека реализацијата во кризната 2022 година на инвестициите од ставката 482 е намалена за 2.134.132.923 денари (34,7 милиони евра).

Особено е поразителна споредбата со 2020 година во екот на пандемијата и повеќекратно воведување полициски час, што беше причина за забавување на градежната активност од страна на државата. Произлегува дека во 2022 година градоначалниците изградиле инфраструктура во вредност помала и од пандемиската 2020 година.

Инаку, вредноста на капиталните инвестиции лани, изразена во тековни цени, значително е „надуена" и поради високата двоцифрена инфлација карактеристична само за таа година.

## Капитални расходи на ЕЛС, во денари

| Буџетска ставка | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **48 – Капитални расходи** | **5,315,781,679** | **7,261,426,797** | **6,525,3714,746** | **8,788,398,720** | **6,477,414,780** |
| 480 – Купување на опрема и машини | 246,166,793 | 355,078,650 | 380,295,620 | 568,846,632 | 478,390,521 |
| 481 – Градежни објекти | 522,194,359 | 762,037,783 | 188,863,000 | 241,779,200 | 251,646,687 |
| 482 – Други градежни објекти | 4,208,932,787 | 5,497,688,993 | 5,502,330,866 | 7,336,760,741 | 5,202,627,818 |
| 483 – Купување мебел | 42,123,950 | 63,185,078 | 37,547,447 | 53,877,123 | 42,891,412 |
| 484 – Стратешки стоки и резерви | 166,488 | 0 | 82,065 | 33,007 | 30,150 |
| 485 – Вложувања и нефинансиски средства | 201,538,731 | 309,666,353 | 213,178,886 | 237,817,105 | 258,668,890 |
| 486 – Купување возила | 62,871,246 | 189,443,321 | 120,617,923 | 258,147,913 | 199,156,774 |
| 489 – Капитални субвенции за претпријатија и НВО | 31,787,325 | 84,326,619 | 82,455,939 | 91,136,999 | 44,002,528 |

Ниското ниво на капитални инвестиции најдобро се отсликува преку приказот на реализираните капитални расходи во 2022 година, гледано по жител. Произлегува дека дури 70 единици на локалната самоуправа имаат капитални расходи помали од 100 евра по жител на годишно ниво. Во овие општини живее 95 % од населението во земјава, додека само 5 % од населението живеат во оние 11 општини во кои капитални расходи се над 100 евра по жител годишно.

Одделните капитални расходи по жител се движат од 10 евра во Сарај, до 269 евра во Карбинци.

## Капитални расходи на ЕЛС во 2022 година, по жител

| Општина | Во денари | Во евра |
|---|---|---|
| Карбинци | 16.521 | 269 |
| Петровец | 15.085 | 245 |
| Конче | 11.448 | 186 |
| Новаци | 11.116 | 181 |
| Росоман | 9.249 | 150 |
| Кавадарци | 8.835 | 144 |
| Демир Капија | 8.594 | 140 |
| Македонска Каменица | 8.116 | 132 |
| Дебрца | 7.145 | 116 |
| Градско | 6.964 | 113 |
| Илинден | 6.623 | 108 |
| Дојран | 6.017 | 98 |
| Свети Николе | 5.852 | 95 |
| Богданци | 5.825 | 95 |
| Сопиште | 5.689 | 93 |
| Ново Село | 5.231 | 85 |
| Ранковце | 5.123 | 83 |
| Берово | 5.112 | 83 |
| Зелениково | 4.918 | 80 |
| Битола | 4.890 | 80 |
| Струмица | 4.508 | 73 |
| Брвеница | 4.487 | 73 |
| Центар | 4.397 | 72 |
| Чучер - Сандево | 4.137 | 67 |
| Гази Баба | 4.126 | 67 |
| Пробиштип | 4.056 | 66 |
| Охрид | 3.891 | 63 |
| Старо Нагоричане | 3.823 | 62 |
| Пехчево | 3.787 | 62 |
| Вевчани | 3.649 | 59 |
| Македонски Брод | 3.646 | 59 |
| Кочани | 3.598 | 59 |
| Пласница | 3.552 | 58 |
| Зрновци | 3.480 | 57 |
| Крива Паланка | 3.373 | 55 |
| Липково | 3.161 | 51 |
| Радовиш | 3.077 | 50 |
| Василево | 2.990 | 49 |
| Куманово | 2.964 | 48 |
| Делчево | 2.906 | 47 |

| Општина | Во денари | Во евра |
|---|---|---|
| Чашка | 2.815 | 46 |
| Лозово | 2.807 | 46 |
| Штип | 2.798 | 46 |
| Могила | 2.782 | 45 |
| Велес | 2.746 | 45 |
| Јегуновце | 2.602 | 42 |
| Центар Жупа | 2.595 | 42 |
| Струга | 2.540 | 41 |
| Маврово и Ростуше | 2.409 | 39 |
| Гевгелија | 2.332 | 38 |
| Кривогаштани | 2.174 | 35 |
| Неготино | 2.169 | 35 |
| Аеродром | 2.151 | 35 |
| Град Скопје | 2.127 | 35 |
| Дебар | 2.118 | 34 |
| Ѓорче Петров | 2.110 | 34 |

| | | |
|---|---|---|
| Ресен | 2.075 | 34 |
| Прилеп | 2.035 | 33 |
| Валандово | 1.986 | 32 |
| Карпош | 1.928 | 31 |
| Босилово | 1.867 | 30 |
| Кратово | 1.860 | 30 |
| Студеничани | 1.787 | 29 |
| Желино | 1.634 | 27 |
| Крушево | 1.607 | 26 |
| Кичево | 1.597 | 26 |
| Тетово | 1.550 | 25 |
| Гостивар | 1.546 | 25 |
| Врапчиште | 1.499 | 24 |
| Чешиново - Облешево | 1.428 | 23 |
| Виница | 1.348 | 22 |
| Демир Хисар | 1.313 | 21 |
| Теарце | 1.249 | 20 |
| Кисела Вода | 1.166 | 19 |
| Долнени | 1.156 | 19 |
| Чаир | 1.099 | 18 |
| Бутел | 1.031 | 17 |
| Боговиње | 1.031 | 17 |
| Шуто Оризари | 659 | 11 |
| Арачиново | 659 | 11 |
| Сарај | 611 | 10 |

## Трошоците за енергија колку инвестициите во градежни објекти

Во исто време, со ребалансот на вкупниот буџет на сите ЕЛС, во време на енергетска криза забележано е зголемување на буџетските ставки 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт и 461 – Субвенции за јавните претпријатија, кои директно се поврзуваат со зголемените трошоци за енергија поради енормниот раст на цените на струјата и горивата.

## Буџетските ставки 421 и 461 во 2022 година, во денари

| Опис на буџетска ставка | Почетни буџети | Ребаланси на буџети | Реализација |
|---|---|---|---|
| 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.845.869.669 | 4.243.129.672 | 3.690.467.075 |
| 461 – Субвенции за јавни претпријатија | 594.001.500 | 1.014.708.835 | 991.738.434 |

Ставката 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, првично била проектирана на 2.845.869.669 денари (46.274.303 евра) за потоа, со ребалансите во сите единици на локалната самоуправа, сумарно да се подигне на дури 4.242.129.672 денари (68.977.718 евра), што е скок од дури 1.396.260.037 денари  (22.703.415 евра), односно од 49 %.

За ставката 461 – Субвенции за јавни претпријатија, почетно биле предвидени расходи од 594.001.500 денари (9,6 милиони евра), за потоа да се зголемат за 70,8 %, на 1.014.708.835 денари (16,5 милиони евра). Од нив се реализирани 97,7 %, односно 991.738.434 денари (16,1 милиони евра). Овие трошоци сепак се за 19,7 % повисоки отколку во 2021 година.

Според податоците од Трезорот преку истражување на сите плаќања на платформата Отворени финансии, од буџетската ставка 461 најмногу пари во 2022 година префрлал Град Скопје, и тоа дури 810.261.867 денари (13,2 милиони евра), што е 81,8 % од сите трошоци во оваа ставка. Најмногу пари биле префрлени кон Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) преку програмата Ј5, Јавен локален превоз на патници.

Следна општина со најмногу субвенции кон јавни претпријатија е Прилеп, со исплатени 86.050.800 денари (1,4 милиони евра), од кои доминантно кон ЈКП Комуналец преку програмата Ј7, Одржување и користење на паркови и зеленило.

Трета општина со најмногу плаќања од ставката 461 е Гази Баба, со исплатени 26.174.877 денари (425 илјади евра), сите кон ЈКП Гази Баба 2007, преку програмата Ј8, Други комунални услуги.

## Субвенции на ЕЛС до јавните претпријатија во 2022




Тоа што, на крајот, проектираните трошоци не се реализирани целосно, може да се должи и на благата зима, што овозможи намалено трошење на електричната енергија и на другите енергенси.

Реализацијата кај ставката 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт изнесува 3.690.467.075 денари (60 милиони евра), што е 87 % од планот со ребалансот. Но, споредено со потрошеното во 2021 година, кај оваа ставка има раст од 74,6 %, односно од 1.576.209.486 денари (25.629.423 евра) повеќе.

Иако властите презедоа низа мерки за штедење енергија во државните институции, зголемувањето на трошоците на општините на годишно ниво за енергија е далеку поголемо од регистрираната стапка на инфлација во категоријата Електрична енергија, гас и горива, каде што просечните цени во 2022 пораснале 16 % споредено со 2021 година.

Притоа, многу е важно овде да се има предвид дека податоците за потрошеното се земени од Предлог-завршната сметка на буџетот за 2022 година, што значи дека се опфатени само платените трошоци, и не исклучува реално да се потрошени многу поголеми

износи, но тие да не се платени и да се евидентирани како доспеани или недоспеани долгови.

Заклучно со крајот на 2022 година, вкупните доспеани обврски на општините изнесуваат 4.084.138.029 денари (66,4 милиони евра) и на годишно ниво, салдото е незначително намалено, од 4.251.965.991 (69,1 милиони евра).

Индикативно е што, во 2022 година, општините презеле двојно повеќе обврски што треба да доспеат за отплата за една година. Па така, евидентирани се недоспеани обврски на општините кои треба да доспеат за една година од 872.072.131 денари (14,2 милиони евра), сума двојно поголема отколку во 2021 година.

Вкупно, двете ставки од кои локалните власти плаќале енергија (421 и 461) изнесуваат 4.682.205.509 денари (76,1 милиони евра), што е 11,8 % од сите направени трошоци во 2022 година.

Но, сумата што општините ја платиле за оваа намена во екот на енергетска криза е со сигурност и поголема, ако се има предвид дека многу ЕЛС, во непредвидената ситуација а во услови кога овие две ставки им биле финансиски исцрпени, се снаоѓале така што вршеле плаќања за енергија од најопштата буџетска ставка, 426 – Други тековни расходи. Од неа лани се исплатени 458.227.066 денари (7,5 милиони евра). Дополнително, кон локалните комунални претпријатија, пари се префрлале и од поопштата ставка 464 – Разни трансфери, која лани изнесуваше 1.346.941.535 денари (21,9 милиони евра).

Анализата на овие главни буџетски категории покажува дека негативните ефекти од зголемените трошоци за струја биле направени на штета на инвестициите во градежните објекти.

Кај останатите расходи, пак, локалните власти се однесувале како да не е криза, па така, во 2022 година е забележан раст на трошоците за патни и дневни расходи (буџетска ставка 420) за дури 145 % споредено со годината претходно, за основни плати (буџетска ставка 401) расходите пораснале за 5,4 %, договорните услуги (425) во 2022 година пораснале за 25,9 % на годишно ниво, додека, пак, трошоците за привремени вработувања (427) се зголемиле за 3,3 %.

## Приказ на буџетските расходи на ЕЛС за 2022 година, во денари

| Опис на буџетската ставка | Почетен буџет | Ребаланс на буџет | Реализација 2022 | Реализација 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **45.050.433.609** | **47.412.137.598** | **39.697.534.979** | **39.058.936.425** |
| 401 – Основни плати | 14.164.712.141 | 14.426.402.426 | 14.042.038.952 | 13.325.970.812 |
| 402 – Придонеси за социјално осигурување | 5.527.523.595 | 5.645.937.431 | 5.469.270.890 | 5.187.369.917 |
| 403 – Останати придонеси од плати | 60.000 | 0 | 0 | 0 |
| 404 – Надоместоци | 415.580.970 | 433.093.978 | 388.674.551 | 333.905.813 |
| 411 – Финансирање нови програми и потпрограми | 10.000 | 10.000 | 0 | 0 |
| 412 – Постојана резерва (непредвидени расходи) | 38.767.000 | 44.687.000 | 20.012.012 | 13.523.039 |
| 413 – Тековни резерви (разновидни расходи) | 60.635.000 | 56.755.000 | 25.497.276 | 34.206.944 |
| 420 – Патни и дневни расходи | 399.414.542 | 459.426.537 | 227.906.146 | 93.160.237 |
| 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.845.869.669 | 4.243.129.672 | 3.690.467.075 | 2.114.257.589 |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | 1.249.940.490 | 1.300.619.025 | 838.413.125 | 776.793.213 |
| 424 - Поправки и тековно одржување | 2.805.635.552 | 2.867.505.116 | 2.153.175.538 | 2.589.576.647 |
| 425 - Договорни услуги | 2.692.244.587 | 2.783.485.448 | 1.990.921.940 | 1.581.711.625 |
| 426 – Други тековни расходи | 699.540.545 | 687.894.173 | 458.227.066 | 429.195.279 |
| 427 – Привремени вработувања | 527.493.867 | 576.129.671 | 529.962.738 | 513.113.867 |
| 451 – Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | 5.960.000 | 5.221.082 | 1.907.648 | 3.413.064 |
| 452 – Каматни плаќања кон домашни кредитори | 56.666.424 | 46.954.556 | 35.073.296 | 33.565.444 |
| 453 – Каматни плаќања кон други нивоа на власт | 100.000 | 100.000 | 41.755 | 32.566 |
| 461 – Субвенции за јавни претпријатија | 594.001.500 | 1.014.708.835 | 991.738.434 | 828.243.182 |
| 462 – Субвенции за приватни претпријатија | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 463 – Трансфери до невладини организации | 411.285.712 | 459.776.775 | 406.438.269 | 316.186.302 |
| 464 – Разни трансфери | 1.564.818.955 | 1.860.756.924 | 1.346.941.535 | 1.383.118.717 |
| 465 – Исплати по извршни исправи | 231.760.000 | 134.674.036 | 133.256.762 | 125.804.790 |
| 471 – Социјални надоместоци | 71.715.000 | 82.413.433 | 66.902.523 | 55.056.241 |
| 480 – Купување опрема и машини | 779.642.271 | 802.359.573 | 478.390.521 | 568.846.632 |
| 481 – Градежни објекти | 539.539.601 | 492.531.893 | 251.646.687 | 241.779.200 |
| 482 – Други градежни објекти | 8.043.958.257 | 7.706.750.996 | 5.202.627.818 | 7.336.760.741 |
| 483 – Купување мебел | 105.411.858 | 90.372.968 | 42.891.412 | 53.877.123 |
| 484 – Стратешки стоки и други резерви | 151.660 | 151.660 | 30.150 | 33.007 |
| 485 – Вложувања и нефинансиски средства | 465.075.476 | 417.760.066 | 258.668.890 | 237.817.105 |
| 486 – Купување возила | 279.394.702 | 311.131.711 | 199.156.774 | 258.147.913 |
| 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 40.506.000 | 44.658.536 | 44.002.528 | 91.136.999 |
| 491 – Отплата на главнина по нерезидентни кредитори | 144.984.976 | 141.673.100 | 134.729.255 | 161.197.336 |
| 492 – Отплата на главнина кон домашни институции | 161.010.735 | 158.290.735 | 156.336.188 | 248.019.542 |
| 493 – Отплата на главнина до други нивоа на власт | 127.022.524 | 116.775.242 | 112.187.225 | 123.115.539 |

## Општини со најголемо потфрлување на реализацијата на ставката 482 – Други градежни објекти

Сите 80 општини и Градот Скопје, во 2022 година, не реализирале 2.841.339.261 денари (46,2 милиони евра) првично планирани во буџетската ставка 482 – Други градежни објекти, во која спаѓа изградбата на улици и патишта, тротоари, мостови, градинки, гасификација и сите други капитални инфраструктурни проекти за коишто се смета дека го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните во локалните средини. Тоа значи дека, на ниво на општините, отстапувањето меѓу проектираното и реализираното се движи во рамките од 570 илјади до 12 милиони евра.

Но, дури 19 општини имаат потфрлување на реализацијата поголемо и од оваа просечна вредност.

Притоа, дури 84 % од нереализираните буџетски средства во категоријата 482 – Други градежни објекти доаѓа токму од овие 19 општини, односно 2.396.299.660 денари (38,9 милиони евра).

## ЕЛС со најголеми разлики меѓу планираните и реализираните средства од буџетска ставка 482 – Други градежни објекти во 2022 година*

| Општина | Првично планирани буџетски средства (денари) | Реализација (во денари) | Разлика (во денари) | Разлика (во евра) |
|---|---|---|---|---|
| Град Скопје | 1.688.772.000 | 944.684.701 | 744.087.299 | 12.098.980 |
| Ѓорче Петров | 288.540.228 | 83.263.690 | 205.276.538 | 3.337.830 |
| Битола | 546.725.817 | 357.917.588 | 188.808.229 | 3.070.053 |
| Куманово | 363.638.041 | 179.953.200 | 183.684.841 | 2.986.745 |
| Струмица | 346.832.330 | 184.264.486 | 162.567.844 | 2.643.380 |
| Гази Баба | 435.698.000 | 273.854.505 | 161.843.495 | 2.631.602 |
| Кисела Вода | 152.476.024 | 50.855.507 | 101.620.517 | 1.652.366 |
| Кичево | 151.923.000 | 59.039.543 | 92.883.457 | 1.510.300 |
| Прилеп | 134.462.000 | 55.878.227 | 78.583.773 | 1.277.785 |
| Сопиште | 92.705.687 | 29.757.536 | 62.948.151 | 1.023.547 |
| Центар | 163.343.600 | 90.866.400 | 72.477.200 | 1.178.491 |
| Чаир | 118.417.925 | 58.649.604 | 59.768.321 | 971.843 |
| Аеродром | 165.389.000 | 112.447.716 | 52.941.284 | 860.834 |
| Радовиш | 100.271.156 | 57.819.299 | 42.451.857 | 690.274 |
| Неготино | 73.454.613 | 33.836.236 | 39.618.377 | 644.201 |
| Чучер Сандево | 74.824.660 | 37.103.863 | 37.720.797 | 613.346 |
| Тетово | 106.523.524 | 69.052.234 | 37.471.290 | 609.289 |
| Кочани | 136.310.000 | 100.222.370 | 36.087.630 | 586.791 |
| Бутел | 67.890.000 | 32.431.240 | 35.458.760 | 576.565 |

*Според податоците за извршување на буџетите на ЕЛС за периодот 1.1. – 31.12.2022 година од Министерството за финансии

Во исто време, кај сите 19 општини е забележано енормно зголемување на расходите од ставката 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, и тоа од 30 % до 120 % на годишно ниво. Вкупно, овие 19 општини потрошиле 1.597.331.571 денари (26 милиони евра) за оваа намена, што значи дека целата сума можело да се покрие со две третини од нереализираните капитални објекти од ставката 482.

За да се утврдат конкретните градежни објекти кои што биле планирани, а не се реализирале во текот на 2022 година, испратени се барања за пристап до информации од јавен карактер до сите 19 спомената општини. Од општините е побарано да доставaт: листа на сите објекти и активности кои биле планирани, а не се реализирале од буџетската ставка 482 – Други градежни објекти од Буџетот на општината за 2022 година, со опис на локацијата и со планирана вредност на одделните објекти и активности.

Процесот на прибирање на податоците траеше речиси 3 месеци, при што беа доставени дури 18 жалби, од кои 9 за недоставување податоци, а други 9 жалби – против одговор поради нецелосни податоци. Исто така, беа доставени и 5 ургенции до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, поради непостапување на општините по добиеното решение од Агенцијата да ги доставaт бараните податоци.

Од нив, одговор не беше добиен само од една општина.

## 1. Град Скопје

Град Скопје е прв на листата со најголема сума нереализирани пари за инвестиции во инфраструктурни градежни објекти во 2022 година за време на енергетската криза, во вредност од речиси 12,1 милиони евра.

Листата на нереализирани проекти вклучува:

- Изградба на улици по склучени договори за уредување градежно земјиште;
- Проекти за изградба на комунална инфраструктура;
- Изградба на главни доводни системи за водоснабдување;
- Изградба на главни одводни системи;
- Осветлување на кејот на река Вардар;
- Инсталација на мрежа за јавно осветлување во Општина Сарај;
- Изградба на улица С9-sл. 1806 и улица С5-sл. 1688 и С2-ул. „2-ра Македонска бригада", Општина Бутел и Карпош;
- Изградба на клучка на бул. „Словенија" – вкрстување со бул. „Никола Карев";
- Изградба на улица СТ1, дел од улици С1, С2, С3 и С4 според ДУП И12;
- Реконструкција, одржување мостови (конструкција, коловоз, тротоари, огради, дилатациони фуги и осветлување);
- Изградба на ул. „Боца Иванова" од кружен тек до бул. „Х.Т.Карпош";
- Изградба, реконструкција и одржување мали плоштади, скверови, дрвореди, зелени површини, уредување површини околу објекти од културата;
- Изградба на бул. „Хрватска" – фазна реализација;
- Изградба на ул. „Љубљанска" од бул. „Илинден" до бул. „Словенија" (фазна реализација);
- Проектирање меѓународен проект за првиот информатичко-иновациски парк – ИНОПАРК;
- Изградба, реконструкција на бул. „Гоце Делчев";
- Реконструкција на ул. „Рузвелтова" – фазна реализација;
- Реконструкција на „К. Ј. Питу" и изградба на кружен тек на р-ца „К. Ј. Питу" со „Кочо Рацин" и „К. Ј. Питу" и ул. „Мирче Ацев";

- Водоводна мрежа по дел од ул. „Скупи“, на делот од кружниот тек;
- Атмосферска канализација (колектор) за пренасочување на атмосферски води кои се приклучени во фекален колектор, Општина Кисела Вода;
- Изградба на дел од фекална канализација во Општина Шуто Оризари и
- Изградба и реконструкција на Усјански канал.

Во исто време, за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, Град Скопје во 2022 година потрошило 570.066.582 денари (9,3 милиони евра), што е повеќе од двојно, односно за 117 % повеќе отколку во 2021 година, кога за истата намена се потрошиле 262.111.285 денари (4,3 милиони евра).

Во однос на другата ставка која исто така растеше во 2022 под влијание на енергетската криза, а тоа е 461 – Субвенции за јавни претпријатија, кај Град Скопје се забележани расходи од 810.261.867 денари (13,2 милиони евра), што е за 21 % повеќе отколку потрошените 669.127.262 денари (10,9 милиони евра) во 2021 година.

## 2. Ѓорче Петров

Општината Ѓорче Петров е единствената од 19-те општини којашто не достави одговор на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно не достави листа на проекти што не биле реализирани од ставката 482 – Други градежни објекти. Но, според Годишниот план за јавни набавки на општината, за следните проекти не биле објавени огласи, што значи дека останале нереализирани:

- Реконструкција на месна заедница во с. Орман;
- Набавка, транспорт и засадување шумски садници(дрва) на појасот река Лепенец и с. Ново Село;
- Подигање нови зелени површини и хортикултурно уредување и одржување преку проектот за почиста животна средина;
- Изработка-довршување на оградата на дворот и влезот од улица во градинката во с. Волково;
- Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини;
- Набавка и поставување сообраќајна сигнализација за улици по сообраќаен проект за н. Хром и потребите на останати улици во општината;
- Реконструкција на спортски игралишта, училишни сали – обнова на подови во Општина Ѓорче Петров;
- Изградба на повеќенаменски спортски и детски игралишта во Општина Ѓорче Петров;
- Изградба на детски игралишта на територија на Општина Ѓорче Петров;
- Изградба на улици во урбаниот дел на Општина Ѓорче Петров;
- Изработка и поставување урбана опрема;
- Реконструкција и адаптација на објектот на основното училиште во с. Кучково.

Вкупно, според податоците од Предлог-завршната сметка, оваа општина не реализирала Други градежни објекти во вредност од 205.276.538 денари (3.337.830 евра) во 2022 година.

Во истиот период, општината потрошила 65.691.026 денари (1.068.146 евра) за комунални услуги, греење, транспорт и комуникации, што е речиси двојно, односно 92,4 % повеќе отколку во 2021 година.

## 3. Битола

Со нешто над 3 милиони евра нереализирани капитални инвестиции од ставката 482 – Други градежни објекти во 2022 година, следна е Општина Битола.

Листата на нереализирани инвестиции вклучува 31 проект:

- Покрив на ОУ „Ѓорги Сугарев“;
- ул. „Мукос“;
- ЈП Жабени – решавање на фекална канализација;
- Проектна документација за Месна заедница;
- Спомен-обележје на Саат-кула;
- Потпорен ѕид на река Драгор;
- Основни сообраќајни проекти по СС за ЦГП;
- бул. „1-ви Мај“ во Јени Мале;
- Реконструкција на покривна конструкција на ОУ во с. Кишава;
- Ограда на зелен парк;
- Уредување на зелени површини со урбана опрема и хортикултура;
- Основен проект за ул. „Индустриски пат“;
- Урбанистички проект и основен проект за градежно земјиште;
- ул. „Ѓорги Димитров“;
- Реконструкција на дел од коловоз поради лизгање Реконструкција со доградба на локален пат;
- Септичка јама и дренажа во ОУ Црнобуки;
- Канализационен приклучок на ОУ с. Крклино;
- Ограда околу училиште во с. Лажец;
- Санација на тоалети во ОУ во с. Кременица;
- Санација на фасада и покрив во спортска Сала „Боро Чурлевски“;
- Адаптација на Мајчин дом;
- Студија за утврдување на состојбата на седум челични моста;
- Реконструкција на планинарски дом Копанки;
- Изградба на ул. „Стуз“ во АРМ;
- Изградба на мултифункционален спортски комплекс;
- Гасификација на Општина Битола;
- Изградба на детска градинка во АРМ;
- Изградба на фекална канализациона мрежа на ул. „Стуз“ во АРМ;
- Изградба на атмосферска канализациона мрежа на ул. „Стуз“ и
- Изградба на објект на противпожарна единица на АРМ.

Инаку, за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, Општина Битола во 2022 година потрошила 198.863.446 денари (3,2 милиони евра), што е 117 % повеќе отколку потрошените 91.444.338 денари (1,5 милиони евра) во 2021 година. Како субвенции на јавните претпријатија, пак, оваа општина во 2022 префрлила 1.500.000 денари, додека, пак, годината претходно не е регистриран ваков расход.

## 4. Куманово

Речиси 3 милиони евра е сумата што Општина Куманово ја планирала, но не ја реализирала во 2022 за изградба на други градежни објекти.

Меѓу нив се следните проекти:

- Изградба на тротоари на делови од три улици;
- Реконструкција и изградба на водоводна мрежа на улица „Никола Тесла“;
- Изградба и реконструкција на атмосферска канализација на улица „Бајрам Шабани“;
- Изградба, реконструкција и одржување на комунална инфраструктура (улици, канализација, водовод, тротоари, жардинери и столпчиња) која ќе се реализира во зависност од прибраните средства од други непланирани приходи (учество на граѓани, спонзорства или други донации);
- Изградба на канализација на улици „Благој И. Гуне“ и „Народна револуција“;

- Реконструкција на објекти, спортски сали, партерно уредување и градски базен (Спортската сала Соколана и затворениот Градски базен);
- Реконструкција на постоечка ограда и поставување нова на улица „Тоде Думба“;
- Реконструкција на мал плоштад кај Домот на културата и
- Изградба и реконструкција на 3 паркинг-простори.

Што се однесува на останатите ставки под директно влијание на енергетската криза, за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт оваа општина во 2022 година потрошила 115.209.719 денари (1,9 милиони евра), и тоа е за 70,3 % повеќе од расходите за истата намена од 67.646.384 денари (1,1 милиони евра) годината претходно.

## 5. Струмица

Општина Струмица во 2022 година првично планирала да вложи 346.832.330 денари (5,6 милиони евра) како инвестиции во инфраструктурни градежни објекти од буџетската ставка 482. Но, до крајот на годината останале неинвестирани дури 162.567.844 денари (2,6 милиони евра).

Според добиените одговори од општината, пак, нереализирани биле само следните проекти:

- Изведба на тротоари (7) и
- Асфалтирање улица.

Меѓутоа, според податоците достапни на Електронскиот систем за јавни набавки, Општина Струмица планирала и изградба на нов парк, реконструкција на булевари, реконструкција на оштетени делови на плоштадот, реконструкција на булевари и бетонирање простор околу чешми во населени места. Сите овие проекти останале без реализација во 2022 година.

За комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, оваа општина во 2022 година потрошила 112.630.632 денари (1,8 милиони евра), што е двојно, односно 105,7 % повеќе отколку во 2021 година.

## 6. Гази Баба

Над 2,6 милиони евра планирани за инвестиции во Други градежни објекти (ставка 482) останале нереализирани и во буџетот на скопската општина Гази Баба.

Од општината испратија листа со 10 проекти коишто не биле реализирани од оваа ставка во 2022 година, и тоа:

- Изградба на патна и комунална инфраструктура;
- Изградба на фекална канализација;
- Изградба на атмосферска и фекална канализација;
- Проект за уредување на канали на сливот на Скопска Црна Гора;
- Изработка на проекти за други објекти;
- Изработка на проекти за гасификација;
- Изработка на монтажен паркинг;
- Вршење стручен надзор над изградба на детска градинка;
- Детска градинка Ќерамидница и
- Гасификација на територија на Општина Гази Баба.

За комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, оваа скопска општина во 2022 година потрошила 111.025.313 денари (1,8 милиони евра), а тоа е за 60 % повеќе од 69.692.061 денари (1,1 милиони евра) потрошени од истата ставка во 2021 година.

За субвенции на јавните претпријатија, од оваа општина во 2022 година се одлеале 26.174.877 денари (425.600

евра), што е речиси еднаква сума како и во годината претходно.

## 7. Кисела Вода

Уште една скопска општина на листата со најголеми потфрлувања во реализацијата на буџетската ставка 482 – Други градежни објекти е Кисела Вода, со преостанати 161.843.495 денари (2,6 милиони евра).

Од оваа општина, освен нереализираните, ги навеле со број и реализираните проекти.

- Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици; Реализирани: 40, Нереализирани: 24
- Изградба на простор за паркирање; Реализирани: 1 Нереализирани: 1
- Изградба на јавно осветлување; Реализирани: 2 Нереализирани: 5
- Изградба на системи за водоснабдување; Реализирани: 6 Нереализирани: 4
- Изградба на системи за одведување и третман на отпадните води; Реализирани: 11 Нереализирани: 5
- Заштита на животна средина и природа; Реализирани: 16 Нереализирани: 0.

Според податоците за извршувањето на расходите, оваа општина во 2022 година потрошила 79.350.513 денари (1,3 милиони евра) за комунални услуги, греење и комуникација и транспорт, што е 60,8 % повеќе од потрошените 49.331.032 денари (802.130 евра) во 2021 година.

## 8. Кичево

Според одговорите од Општина Кичево, нецелосна реализација имале кај три програми, и тоа:

- Капитални расходи на општината (реконструкција на општински објект) – планирани 15.300.000 денари, реализирани 9.045.279 денари;
- Изградба на системи за водоснабдување (реконструкција на водоснабдителен систем на село Србица и Новосело) – планирани 9.000.000 денари, реализирани 4.679.266 денари. Според општината, проектот е завршен, останата била само исплатата;
- Капитални расходи за основно образование (реконструкција на спортска сала Јанчица) – планирани 2.000.000 денари, реализирани 56.080 денари.

Според Годишниот план за јавни набавки на Општина Кичево, за овие проекти во текот на 2022 година не биле објавени огласи и останале нереализирани.

- Реконструкција на спортска сала Јанчица;
- Изградба, реконструкција и санација на локални патишта, улици, тротоари и други јавни површини во Општина Кичево – со асфалт;
- Изградба, реконструкција и санација на локални патишта, улици, тротоари и други јавни површини во Општина Кичево – со павер елементи (бекатон-плочки);
- Изградба на 20 детски рекреативни паркови и
- Изградба на потпорен ѕид во с. Колари.

Вкупната планирана а нереализирана сума на инвестиции во Други градежни објекти на Општина Кичево за 2022 година изнесува 92.883.457 денари (1.510.300 евра).

Во одговорот од општината, пак, добивме сосема друг податок за нереализираната сума на инвестиции од ставката 482, односно 27.343.457 денари (445 илјади евра). Од општината тврдат дека ги реализирале сите предвидени проекти, само не биле целосно исплатени.

Од ставката 421 – Комунални услуги, греење, транспорт и комуникации, Општина Кичево лани потрошила 71.841.924 денари (1.168.161 евра), и тоа е за 73 % повеќе отколку во 2021 година.

## 9. Прилеп

Одговорот од Општина Прилеп, наместо листа на конкретни проекти што останале нереализирани во 2022 година, содржи споредба на планирано и реализирано во 8 програми, од каде што е евидентно дека две се целосно нереализирани, додека кај останатите процентот на реализација се движи од 54 % до 98 %.

- Проекти за енергетска ефикасност – реализирани 54 %,
- Изградба на јавно осветлување – реализирани 98 %,
- Изградба на системи за водоснабдување – реализирани 63 %,
- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици – реализирани 89 %,
- Изградба на системи за одведување и прочистување отпадни води – реализирани 56 %,
- Капитални расходи за спорт и рекреација – реализирани 97 %.

Целосно нереализирани се програмите:

- ЈГА изградба на системи за водоснабдување и
- ЈДА изградба и реконструкција на локални патишта и улици.

За конкретни проекти, увид направивме во Годишниот план за јавни набавки на Општина Прилеп, каде што без оглас за реализирање останале овие проекти:

- Изградба на дел од локален водоснабдителен систем – водоводна мрежа и хидротехнички објекти во с. Канатларци;
- Реновирање на спортска сала за пинг-понг во кругот на спортската сала „Партизан";
- Реконструкција на објекти во енергетиката – реконструкција на јавно осветлување: Замена и вградување на постојни светилки со ЛЕД економични светилки во градот;
- Изградба на системи за одведување и прочистување отпадни води;

  Атмосферска канализација за: Делници за атмосферска канализација на поединечни улици низ градот;
- Изградба на објекти во енергетиката – јавно осветлување на повеќе локации.

Општина Прилеп не реализирала 78.583.773 денари (1.277.785 евра), планирани за изградба на Други градежни објекти.

За комунални услуги, греење, транспорт и комуникации, општината потрошила многу повеќе и од нереализираната сума на капитални инвестиции, односно 137.120.127 денари (2.229.595 евра). На годишно ниво, овие трошоци биле поголеми за 73 %.

Дополнително, ЕЛС Прилеп потрошила и 86.873.017 денари (1.412.569 евра) како субвенции за јавни претпријатија, кои исто така во најголем дел завршуваа за покривање на зголемените трошоци за енергија. Оваа ставка е реализирана за 26,8 % повеќе споредено со 2021 година.

## 10. Сопиште

Од Општината Сопиште, исто така, наместо листа на конкретни проекти што не се реализирале во 2022 година, добивме контрапрашања за тоа што се смета за реализиран, односно нереализиран проект.

Оттаму наведуваат дека неколку проекти биле изградени, но платени во 2023 година.

Во Планот за јавни набавки, којшто повеќепати во текот на годината се менувал, оваа општина не спровела огласи за овие проекти. Дел од нив подоцна во текот на годината ги снемало од Годишниот план.

- Реконструкција на земјоделски патишта на територијата на Општина Сопиште;
- Реконструкција на улици и патишта;
- Асфалтирање на пристапен пат до спортско игралиште на ул. 23.

Вкупната сума што Општина Сопиште ја планирала, а не ја реализирала за изградба на Други градежни објекти е 62.948.151 денари (1.023.547 евра).

Од општината појаснуваат дека главно станувало збор за расходи од донации, планирани на сума од 42.416.247 денари (690 илјади евра), кои не биле обезбедени од владини и меѓународни извори, па биле скратени со ребаланси.

Од ставката 421, пак, се потрошиле 12.107.686 денари (196.872 евра), односно 30,2 % повеќе отколку во 2021 година.

## 11. Центар

Со нереализирани 72.477.200 денари (1,2 милиони евра), следна на листата што достави одговори на барањата за пристап до информации од јавен карактер е скопската општина Центар.

Листата на нереализирани проекти опфаќа:

- Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа (5);
- Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа (7);
- Проекти и ревизија на проекти за коловоз (10);
- Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери (15);
- Проекти и ревизија на проекти за сообраќајни планови, сообраќајни проекти, проекти за режим на сообраќај и проекти за обележување (12);
- Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи за лица со попреченост (1);
- Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици (1);
- Реконструкција на водоводна мрежа (2);
- Реконструкција на фекална мрежа (5);
- Реконструкција на атмосферска мрежа (6);
- Реконструкција на коловоз (17);
- Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски и потпорни ѕидови (12).

Инаку, Општината Центар во 2022 година потрошила 96.492.265 денари (1,6 милиони евра) за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, што е за 93 % повеќе од сумата потрошена една година претходно, од 49.996.004 денари (812.940 евра).

## 12. Чаир

Со сума од 59.768.321 денари (971.843 евра), следна на листата ЕЛС што најмногу потфрлиле во реализацијата на градежните инфраструктурни објекти е скопската општина Чаир.

Според добиените одговори од општината, не(целосно) реализирани се следните 4 проекти:

- Енергетска ефикасност во основните училишта, градинки и објектот на Општина Чаир; Предвидени средства 4.500.000 денари, реализирани 500.000, нереализирани 4.000.000 денари.
- Подземна инфраструктура; Предвидени 24.000.000 денари, реализирани 16.000.000 денари, нереализирани 8.000.000 денари, кои се трансферирани во буџетот за 2023 година.
- Водоводна мрежа; Предвидени 20.000.000 денари, реализирани 16.000.000 денари, нереализирани 4.000.000 денари, кои се трансферирани во буџетот за 2023 година.
- Спортска сала „Шабан Трстена" – промена на паркет. Предвидени 1.500.000 денари, реализирани 900.000 денари, нереализирани 600.000 денари, кои се трансферирани во буџетот за 2023 година.

Во исто време, оваа скопска општина за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, во 2022 потрошила 95.097.501 денари (1,5 милиони евра), што е речиси двојно, односно 95,8 % повеќе на годишно ниво.

## 13. Аеродром

Според одговорите од Општина Аеродром, не се изградени следните објекти предвидени за 2022 година:

- Пристапна улица бр. 7 четврт И11 бл. 11, населба Мичурин;
- Пристапна улица бр. 2 четврт И11 бл. 9, населба Мичурин;
- Новопланирана станбена улица 2 со паркинг во четврт И11, бл. 12, населба Мичурин;
- Новопланирана улица 7 во четврт И11, бл. 13, населба Мичурин;
- Паркинг 5.17 во ДУП Црква УЕБ блок 5;
- Дел од паркинг 1.10 во Црква УЕБ блок 1;
- Паркинг 2.13 во ДУП Црква УЕБ блок 2;
- Капацитет за водоснабдување на новопланирана улица 6 во ДУП Црква УЕБ блок 5;
- Атмосферска канализација на новопланирана станбена улица 2 со паркинг во четврт И11, бл. 12, населба Мичурин;
- Атмосферска канализација на пристапна улица бр. 2 четврт И12, бл. 9, населба Мичурин;
- Атмосферска канализација на дел од паркинг 1.10 во Црква УЕБ блок 1;
- Паркинг 2.13 во ДУП Црква УЕБ блок 2;
- Јавно осветлување на паркинг 5.17 со сервисна улица 6 во ДУП Црква УЕБ блок 5;
- Јавно осветлување на дел од новопланирана улица 5 во ДУП Црква УЕБ блок 4;
- Јавно осветлување на Паркинг 2.13 во ДУП Црква УЕБ блок 2.

Инаку, според податоците од Предлог-завршната сметка, Општина Аеродром не реализирала инвестиции од буџетската ставка 482 – Други градежни објекти, во износ од 52.941.284 денари, (860.834 евра).

Од ставката 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, пак, оваа општина лани потрошила 129.515.692 денари (2,1 милиони евра), што е 88,3 % повеќе отколку во 2021 година.

## 14. Радовиш

Општина Радовиш во 2022 година не реализирала градежни инфраструктурни објекти во вредност од 42.451.857 денари (690.274 евра).

Листата на нереализираните капитални проекти вклучува:

- Изградба на улица (2);
- Изградба на фекална канализација (4);
- Реконструкција, надградба на постоечки асфалт;
- Уредување на јавни површини, тротоари, пешачки патеки, паркинзи (2);
- Изработка на комплетна техничка документација за изградба;
- Изработка на помошен објект во Дом на култура „Ацо Караманов";
- Изработка на локален пат-обиколница;
- Локален пат Бел Камен – Автокамп;
- Изградба на улици (3);
- Изградба на централно градско подрачје;
- Изградба на мост на река Марланда;
- Санација на објект на ЕВН;
- Изградба на свлечиште на пат Подареш;
- Изработка на локален пат (2);
- Изградба на потпорен ѕид;

- Санација на штети од елементарни непогоди.

Преку ставката 421, пак, во 2022 година Општина Радовиш потрошила 43.394.388 денари (705 илјади евра), што е 30 % повеќе отколку во 2021 година.

## 15. Неготино

Општина Неготино во кризната 2022 година не реализирала вкупно 39.618.377 денари (644.201 евра) од буџетираната сума во ставката 482 – Други градежни објекти.

Нереализирани останале следните проекти:

Програма ЈН, планирани 400.000 денари:

- Уредување на парковска површина во непосредна близина на ул. „Браќа Миладинови";
- Набавка на контејнери од 1,1 метар кубен;
- Реконструкција на детски игралишта во населени места Криволак, Темјаник, Долни Дисан, Курија, Војшанци и Црвени Брегови.

Програма КА, планирани 50.000 денари

- Реконструкција на споменици.

Програма ЕА, планирани 50.000 денари:

- Реконструкција на други објекти (врати, прозори и сл.).

За комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, пак, оваа општина во 2022 потрошила 39.220.455 денари (637.730 евра), и тоа е 70 % повеќе отколку во 2021 година.

## 16. Чучер Сандево

Општината Чучер Сандево во 2022 година не реализирала 37.720.797 денари (613.346 евра) од предвидените пари за инвестиции во инфраструктурни објекти.

Но во одговорот што го испратија, од општината за оваа сума навеле само еден нереализиран проект:

- Реконструкција на локални улици во с. Побожје.

Ставката за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, во 2022 година достигнува 14.898.025 денари (242.244 евра), и тоа е за 45 % повеќе отколку годината претходно.

## 17. Тетово

Општината Тетово достави листа од проекти планирани од ставката 482, но коишто не се реализирале во текот на 2022 година.

Станува збор за следните проекти:

- Лабораториски мерења и материјали за изградба на патишта;
- Изградба на сезонски штандови за годишните празници;
- Изградба на јавно осветлување на бул. „Тоска";
- Изградба на пат Кале – спој со патот Тетово – Селце II фаза;
- Реконструкција на улица „Р. Цониќ";
- Реконструкција на улица „В. Миладинов";
- Изградба на речно корито на река Пена (мост на бул. „В. С. Бато" до регионален автопат Скопје – Кичево);
- Реконструкција на водоснабдителен систем за дел од с. Порој;
- Водоснабдителен систем с. Пинцур.

Планот за јавни набавки на Општина Тетово за 2022 година во текот на годината вклучувал и неколку проекти за коишто не е објавен оглас и не се реализирани, како пополнување ударни дупки, одржување и реконструкција на улиците во Град Тетово и патната мрежа на планинските села од свлечишта, изградба на вертикална сигнализација (семафори) на крстосници со

булеварско решение во Град Тетово, како и изградба на административна зграда (инспекторат).

Оваа општина не успеала да реализира 37.471.290 денари (609.289 евра) од планираните инвестиции во Други градежни објекти.

За комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, оваа општина во 2022 година потрошила 97.670.144 денари (1.588.132 евра), што е раст на трошоците за 53,7 % на годишно ниво.

## 18. Кочани

Општина Кочани, во текот на 2022 година, не реализирала вкупно 36.087.630 денари (586.791 евра) планирани во ставката 482.

Според одговорите од општината, за оваа сума нереализирани се следните проекти:

- Изработка на проектна документација за Мост;
- Изградба на објекти за домување на лица од социјален ризик;
- Асфалтирање и реконструкција на улица „Браќа Ставреви“;
- Реконструкција на ул. „Гоце Делчев“;
- Реконструкција на ул. „Македонска“.

Истата година, пак, трошоците од ставката 421, која главно се однесува на енергија, пораснале двојно (99,7 %), на 58.905.683 денари (957.815 евра).

## 19. Бутел

Последна на листата, со нереализирани средства од ставката 482, нешто над просекот за сите општини во 2022 година со сума од 35.458.760 денари (576.565 евра), е скопската општина Бутел.

Ова е листата на нереализирани проекти на оваа општина планирани во буџетската ставка 482, по категории и број на нереализирани објекти:

- Изградба, реконструкција и рехабилитација на патишта и улици; Подготвување на проекти, дизајн на улици и патишта; Нереализирани: 51
- Реконструкција на патишта и улици; Нереализирани: 33
- Изградба на улици и патишта; Нереализирани: 3
- Изградба, реконструкција и рехабилитација на други објекти; Нереализирани: 19
- Изградба на системи за одведување и пречистување отпадни води; Подготвување на проекти, дизајн на улици и патишта; Нереализирани: 27
- Изградба на други објекти; Нереализирани: 34

Сумата потрошена од ставката 421, пак, во 2022 година изнесува 60.735.764 денари (987.573 евра) и тоа е за 61,6 % повеќе отколку во 2021 година.

## Трансферите од централно на локално ниво растат

Трансферите што локалните самоуправи ги добиваат од централниот буџет се зголемиле и во 2022 година, прво со ребалансот, а потоа и со прераспределбата од првичните 22.321.349.000 денари (363 милиони евра) на 23.442.534.000 денари (381,2 милиони евра).

Притоа, реализацијата е речиси целосна, па така, според податоците од Завршната сметка, во 2022 година реализирани се дотации во вкупен износ од 23.364.851.480 денари (380 милиони евра), што претставува 12 % од вкупните расходи на Основниот буџет. Во споредба со 2021 година, тие се зголемени за 10 %.

Најголем дел од износот е трансфериран како блок дотации, односно сума од 20.041.118.437 денари (325,9 милиони евра), 2.910.000.000 денари (47,3 милиони евра) биле дотации од ДДВ, додека пак 413.733.043 денари (6,7 милиони евра) биле наменски дотации.

Дотациите претставуваат трансфери на средства од Буџетот и од буџетите на фондовите до буџетите на општините со кои се обезбедуваат дополнителни приходи за финансирање на надлежностите на општините во согласност со фискалната децентрализација на ЕЛС, којашто почна во 2005 година.

Во членот 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа утврдени се видовите дотации, и тоа: приходи од данок на додадена вредност, наменска дотација, капитална дотација, блок дотација и дотација за делегирана надлежност.

- **Блок дотациите** се наменети за финансирање на надлежностите на општините од областа на културата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието. Најголем дел од сумата е наменета за основното образование, потоа за средно и најмалку за социјална детска заштита. Притоа, реализацијата на блок дотациите во 2022 година е зголемена за 920.685 илјади денари (15 милиони евра) повеќе од планираните средства со последниот ребаланс на Буџетот за 2022 година, поради покачувањето на платите на вработените во градинките и на вработените во основните и во средните училишта за 15 %, почнувајќи од септември 2022 година.
- **Трансферите од приходи од ДДВ** до ЕЛС се обезбедуваат во висина од 5 % од вкупно наплатениот ДДВ остварен во претходната фискална година. Овие средства се трансферираат од Разделот на Министерство за финансии – Функции на државата, потпрограма Децентрализација, директно на сметките на општините, а за користењето на парите општината одлучува самостојно. Во текот на 2022 година, трансферираните пари по оваа основа се зголемени за 30 % споредено со 2021 година, поради зголемената наплата на ДДВ, но и поради порастот на уделот за трансферирање од 4,5 % на 5 %.
- **Наменската дотација** се користи за финансирање на конкретна активност на општината, строго наменски по проект и институција или програма со буџетската пресметка за следната година. Во текот на 2022 година, распределени се наменски дотации по основ на: Финансирање на пренесените надлежности во основното образование кои се насочуваат по општини во износ од 3.200 илјади денари, преку Министерството за образование и наука, како и Дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици во вкупен износ од 410.533 илјади денари, преку Министерството за одбрана.

По одделни општини, најмногу пари од централниот буџет како трансфери добиваат најголемите од нив, и тоа Град Скопје, Куманово, Тетово, Битола и Прилеп.

## ЕЛС со најголеми трансфери од централна власт во 2022 година

| ЕЛС | Износ во денари |
| --- | --- |
| Град Скопје | 2.514.721.444 |
| Куманово | 1.278.235.502 |
| Битола | 1.190.212.098 |
| Тетово | 1.187.650.066 |
| Прилеп | 920.513.388 |
| Гостивар | 852.358.712 |
| Струмица | 725.027.980 |
| Струга | 711.687.302 |
| Аеродром | 675.192.112 |
| Велес | 641.783.669 |

Анализата на податоците за трансферите од централната власт до општините по жител, пак, покажува голема дискрепанца помеѓу одделни општини.

Така, на пример, трансферите варираат од најмалку 3.494 денари по жител во Град Скопје, до највисоки 20.097 денари по жител во Општината Маврово и Ростуше.

## ЕЛС со најголеми и најмали трансфери од централната власт во 2022 година, по жител

| ЕЛС | Износ во денари |
| --- | --- |
| Маврово и Ростуше | 20.097 |
| Центар Жупа | 19.393 |
| Карбинци | 15.158 |
| Берово | 14.706 |
| Македонска Каменица | 14.385 |

| ЕЛС | Износ во денари |
| --- | --- |
| Град Скопје | 3.494 |
| Ѓорче Петров | 5.394 |
| Аеродром | 5.786 |
| Кисела Вода | 6.280 |
| Студеничани | 6.880 |

Евидентно е дека најголем дел од трансферите од централната власт до ЕЛС се за плати, и тоа дополнително ја влошува структурата на расходите на локалните буџети.

Според податоците за реализацијата на буџетите на локално ниво во 2022 година, сите општини заедно потрошиле вкупно 39.697.534.979 денари (645,5 милиони евра, од кои 19.899.984.393 денари (323,6 милиони евра) биле наменети за исплата на плати и надоместоци, што е, на пример, трипати повеќе од сумата за капитални расходи, за што се потрошиле само 105,4 милиони евра.

Инаку, трансферите до ЕЛС забележуваат тренд на постојан раст во текот на годините. Само во последните пет години, тие се зголемени од 254,1 милиони евра во 2018 година, на 380 милиони евра годинава, што е раст од 51 %.

## Со законски измени до поголеми приходи за општините

Зголемувањето на трансферите од централно на локално ниво е во линија со примената на измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, којшто почна да се применува од 2022 година.

Со новите законски решенија, идејата на властите беше општините да добијат повеќе приходи од личниот данок на доход и од ДДВ.

Со цел зајакнување на фискалниот капацитет на општините, во овој закон беше предвидено постепено зголемување на приходите од личниот данок на доход од 3 % на 4 % во 2022 година, потоа на 5 % во 2023 па до конечни 6 % до 2024 година. Овој приход општините го добиваат од приходот од данок на личен доход од плати од физички лица наплатен во општината во која се пријавени со постојано живеалиште и престојувалиште.

Дополнително, во насока на подобрување на фискалниот капацитет и зголемување на приходите на општините, Законот предвидува и постепено зголемување на стапката на дотацијата од ДДВ од 4,5 % на 5 % во 2022 година, 5,5 % во 2023, па сè до 6 % во 2024 година.

Во 2022 година на општините им се распределени и планираните 5 % од наплатениот данок на додадена вредност, распределен во три дела, и тоа: основен дел – 4,5 %, дел за перформанси – 0,25 % и дел за вооедначување – 0,25 %, со што им се исплатени дополнителни 291 милиони денари.

Реформата со измените и со дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, како што објаснија тогаш надлежните, ја сочинуваа три столба: зголемување на фискалниот капацитет на општините и зголемување на приходите, зголемување на финансиската дисциплина на општините, намалување на долговите и домаќинско работење, и зголемена транспарентност и отчетност. Се очекуваше мерките и активностите да обезбедат дополнителна демократизација на општеството, поефикасно и поекономично обезбедување и испорачување на услугите, како и засилен локален и регионален развој.

Но и покрај законските обиди за зголемување на приходите на локалните буџети, голем дел од општините се соочуваат со финансиски проблеми.

Иако трансферите од централниот буџет се зголемени за 10 % во 2022 година споредено со 2021, овозможени со законски измени за поголема фискална децентрализација, сепак вкупните приходите на сите ЕЛС на годишно ниво се зголемени незначително, за 0,9 %, главно поради послаба наплата на Даноци на специфични услуги. Државниот завод за ревизија констатира дека во дел од општините има низок степен на прибирање на сопствените приходи поради недоволниот кадровски капацитет.

На финансиски проблеми на локално ниво укажува фактот што вкупниот износ на пријавени доспеани обврски сè уште е висок, и покрај обидите на државата во 2018 година да ги сведе на минимум, со обезбедување пари од централниот Буџет за подмирување на натрупаните долгови. Така, од 2018 година по акцијата на Владата, доспеаните обврски на општините се намалуваат од 4.998.269.598 денари (81,3 милиони евра) на 3.044.124.921 денари (49,5 милиони евра) во 2019 година. До крајот на 2022 година, доспеаните обврски на ЕЛС повторно се зголемиле до сума од 4.084.138.029 денари (66,4 милиони евра).

Дополнително, Државниот завод за ревизија утврдил дека во декември 2022 година, од вкупно 81 општина, 14 од општините се со блокирана сметка.

Инаку, во член 39 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа е уредено дека доколку сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена надминува 80 % од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година, градоначалникот е должен да донесе одлука за прогласување финансиска нестабилност.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа од август 2022 година, член 39 се менува и процентот на неподмирени обврски, односно финансиска нестабилност на општината настанува доколку вкупниот износ на неподмирени обврски над 60 дена надминува 60 % од реализираните приходи на основниот буџет на општината во претходната година, одредба која ќе се применува од 1.1.2024 година.

До периодот на ревизијата од страна на ДЗР не била прогласена финансиска нестабилност на ниту една општина и, според ревизорите, „ваквата состојба овозможува општините да генерираат нови обврски по разни основи, да започнуваат нови капитални проекти, што може да влијае на влошување на нивната ликвидност и на целокупната финансиска состојба во иднина, а со тоа и можност за дополнителна потреба од издвојување на средства од Буџетот како финансиска поддршка на истите, што ќе значи дополнително оптоварување на Буџетот“.

Недостигот од финансиски средства за извршување на своите надлежности кај општините и нивната зависност од трансферите од централната власт доведува и до недоволен и нерамномерен регионален развој, неефикасно обезбедување и испорачување на услугите кон граѓаните и недоволна демократизација на општеството во целина.

Според податоците од Државниот завод за статистика за рамномерен економски развој, и понатаму Скопскиот Регион има најголемо учество во создавањето на бруто домашниот производ (БДП) од речиси 44 %, додека останатите региони значително помалку, и оваа структура не се менува.

Државниот завод за ревизија констатира дека иако средствата за поттикнување рамномерен регионален развој кои, во согласност со член 35 од Законот за рамномерен регионален развој, треба да се најмалку 1 % од БДП, надминуваат и 1,5 % од БДП, сепак „кај наведените програми кои имаат компонента на регионален развој, не секогаш и во целост може да се утврди постоење на „принципот на рамномерност“, односно распределба на средства во сите плански региони, според степенот на развиеност на истите, односно дека истите придонесуваат за поттикнување на рамномерен регионален развој.“

Инаку, фискалната децентрализација е еден од приоритетите коишто произлегуваат од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со Европската Унија. Понатамошна децентрализација беше и еден од приоритетите поставени со Програмата на Владата 2021 – 2024 година.

Придобивките од децентрализацијата, како процес воопшто, се дополнителна демократизација, пренесување на надлежностите на властите поблиску до граѓаните и нивните потреби и, со тоа, давање поефикасни и поекономични услуги за граѓаните. Повеќе академски истражувања покажуваат дека постои корелација помеѓу повисокиот степен на децентрализација со повисок степен на економски развој.

# ПРЕПОРАКИ

- Општините треба да вложуваат дополнителни напори за колку што е можна поцелосна реализација на планираните буџети. Особено треба да се вложат напори за зголемување на капиталните расходи кои имаат загрижувачки ниско учество во буџетите на одделни општини, наспроти големината и постојаниот пораст на тековно-оперативните трошоци.
- Да се зголеми информираноста на јавноста за обврските на општините, и тоа како за доспеаните а неплатени обврски, така и за обврските кои не се доспеани и треба да се платат во тековната или во наредните фискални години. На овој начин треба да се влијае кон приоретизирање на трошењата од страна на општините и потреба од поголема рационалност и економичност во трошењата.
- Плаќањето на заостанатите долгови од тековните буџети и пренесувањето на плаќањата за тековните проекти за наредната година ја оневозможуваат максималната прецизност во утврдување на вредноста на планираните проекти и активности кои не се реализирале. Ова е генерално проблем воочен кај повеќето општини. Ова ја зголемува потребата од поголема отчетност пред граѓаните на ниво на проекти и активности, а не на буџетски ставки.
- Да се воведе обврска граѓаните да се информираат на годишно ниво за сите планирани, а нереализирани проекти и кратењата во буџетот кои директно се однесуваат и влијаат врз животот на граѓаните.
- Во иднина да се предвидат механизми и начини, кратењата на буџетите поради вонредни околности да не се надоместуваат од нови заеми и „земање" пари од оние проекти и средства од кои директно зависат животите на луѓето, туку од оние буџетски „ставки" кои немаат вакво директно и индиректно влијание врз граѓаните и нивните животи.
- Општините треба да ја зголемат транспарентноста и отчетноста во насока на давање на подетални и поразбирливи податоци во однос на буџетските трошења. Оваа препорака произлегува од вонредните напори што требаше да се вложат за да се обезбедат податоците за нереализираните капитални проекти на општините, потребни за анализата.
- Потребно е постепено да се преминува кон целосна примена на системот на пресметковно сметководство, наместо сегашното известување врз готовинска основа. Парцијалните известувања за обврските според рочност, односно за побарувања, да се замени со целосен сметководствен систем на пресметковна основа. За таа цел да се преведат и да се објават сите Меѓународни стандарди за финансиско известување за јавниот сектор и да се направат соодветните законски измени и да се донесат подзаконските прописи. Процесот да се спроведе постепено, со обука на стручниот кадар кој работи во сметководството на јавниот/буџетски сектор.
- Јавно да се објавува аналитичката евиденција со шестцифрени аналитички сметки на буџетите и на сите поврзани документи, во соодветен формат за анализа. Воедно, кон секој тримесечен извештај да бидат приложени белешки со објаснување на одделните буџетски ставки во кои трошоците, пред сè, ќе бидат евидентирани на субаналитички сметки со наведување на причините за искажаните разлики.
- Да се спроведе кодификација на евиденцијата заради избегнување на појавата различно да

се евидентира ист тип на расход, приход, средства и обврски кај различни буџетски корисници и единки корисници.

- Сите податоци поврзани со буџетските трошења, како што се буџетите, завршните сметки, извештаите итн. треба да се објавуваат во отворен формат за да се овозможи нивно натамошно користење, обработка и анализа.
- Да се обезбеди електронски систем за наплата на данокот на имот според видот на регистрираниот имот на даночните обврзници кај надлежните државни институции во согласност со функционалното користење на имотот, за живеење, издавање, нефункционален имот, имот со економска намена, имот што се користи во земјоделието итн. Според ваквата поделба ќе се овозможи соодветна примена на одредбите од Законот за даноците на имот, според која данокот на имот се плаќа според функционалната намена на имотот.

# ПРИЛОГ

## Реализирани буџети на ЕЛС во 2022 година

| Општина | Во денари | Во евра |
|---|---|---|
| Град Скопје | 5.783.131.666 | 94.034.661 |
| Куманово | 1.859.090.286 | 30.229.110 |
| Битола | 1.858.319.097 | 30.216.571 |
| Тетово | 1.526.335.202 | 24.818.459 |
| Прилеп | 1.288.587.417 | 20.952.641 |
| Струмица | 1.217.311.189 | 19.793.678 |
| Охрид | 1.166.993.316 | 18.975.501 |
| Аеродром | 1.119.348.591 | 18.200.790 |
| Гостивар | 1.116.532.528 | 18.155.000 |
| Карпош | 1.089.144.702 | 17.709.670 |
| Гази Баба | 1.086.459.245 | 17.666.004 |
| Кавадарци | 1.082.255.383 | 17.597.649 |
| Струга | 1.039.969.814 | 16.910.078 |
| Штип | 948.169.518 | 15.417.391 |
| Центар | 928.661.155 | 15.100.181 |
| Велес | 911.854.864 | 14.826.908 |
| Чаир | 838.511.179 | 13.634.328 |
| Кичево | 804.790.174 | 13.086.019 |
| Кисела Вода | 740.464.434 | 12.040.072 |
| Кочани | 593.098.166 | 9.643.873 |
| Ѓорче Петров | 509.932.326 | 8.291.583 |
| Бутел | 493.633.814 | 8.026.566 |
| Радовиш | 476.356.697 | 7.745.637 |
| Гевгелија | 461.413.178 | 7.502.653 |
| Сарај | 406.799.167 | 6.614.621 |
| Крива Паланка | 400.267.291 | 6.508.411 |
| Свети Николе | 391.382.826 | 6.363.948 |
| Липково | 377.674.945 | 6.141.056 |
| Неготино | 373.022.919 | 6.065.413 |
| Илинден | 328.284.998 | 5.337.967 |

| Општина | Во денари | Во евра |
|---|---|---|
| Шуто Оризари | 254.676.781 | 4.141.086 |
| Долнени | 243.378.766 | 3.957.378 |
| М. Каменица | 240.530.897 | 3.911.071 |
| Брвеница | 233.476.357 | 3.796.364 |
| Студеничани | 225.959.279 | 3.674.135 |
| Валандово | 219.820.195 | 3.574.312 |
| Теарце | 219.029.076 | 3.561.448 |
| Маврово и Ростуше | 170.803.880 | 2.777.299 |
| Македонски Брод | 170.742.813 | 2.776.306 |
| Богданци | 166.282.535 | 2.703.781 |
| Кратово | 163.572.275 | 2.659.712 |
| Крушево | 162.024.402 | 2.634.543 |
| Ново Село | 160.577.489 | 2.611.016 |
| Демир Хисар | 151.912.344 | 2.470.119 |
| Чашка | 151.516.454 | 2.463.682 |
| Јегуновце | 148.827.589 | 2.419.961 |
| Василево | 144.580.328 | 2.350.900 |
| Чучер - Сандево | 143.834.329 | 2.338.770 |
| Босилово | 139.643.248 | 2.270.622 |
| Сопиште | 137.790.657 | 2.240.498 |
| Карбинци | 135.183.448 | 2.198.105 |
| Демир Капија | 126.617.792 | 2.058.826 |
| Арачиново | 124.106.318 | 2.017.989 |
| Новаци | 119.904.612 | 1.949.668 |
| Центар Жупа | 107.573.146 | 1.749.157 |
| Могила | 105.114.715 | 1.709.182 |
| Дојран | 103.825.119 | 1.688.213 |
| Дебрца | 100.014.047 | 1.626.245 |
| Росоман | 99.513.938 | 1.618.113 |

| | | |
|---|---|---|
| Дебар | 325.888.080 | 5.298.993 |
| Пробиштип | 321.091.358 | 5.220.998 |
| Врапчиште | 306.280.055 | 4.980.163 |
| Ресен | 296.405.104 | 4.819.595 |
| Берово | 288.200.108 | 4.686.181 |
| Виница | 287.021.184 | 4.667.011 |
| Петровец | 285.612.570 | 4.644.107 |
| Делчево | 277.832.988 | 4.517.610 |
| Боговиње | 272.793.719 | 4.435.670 |
| Желино | 264.605.371 | 4.302.526 |

| | | |
|---|---|---|
| Чешиново - Облешево | 98.850.733 | 1.607.329 |
| Старо Нагоричане | 98.585.750 | 1.603.020 |
| Конче | 97.969.793 | 1.593.005 |
| Пехчево | 91.132.719 | 1.481.833 |
| Кривогаштани | 87.574.538 | 1.423.976 |
| Градско | 78.812.020 | 1.281.496 |
| Ранковце | 78.496.190 | 1.276.361 |
| Зелениково | 67.705.314 | 1.100.899 |
| Лозово | 60.822.011 | 988.976 |
| Вевчани | 47.496.532 | 772.301 |
| Зрновци | 45.454.799 | 739.102 |
| Пласница | 30.275.127 | 492.278 |

## Реализирани буџети во 2022 година, по жител

| Општина | Во денари | Во евра |
|---|---|---|
| Новаци | 45.281 | 736 |
| Карбинци | 39.527 | 643 |
| Македонска Каменица | 37.355 | 607 |
| Конче | 35.952 | 585 |
| Маврово и Ростуше | 33.876 | 551 |
| Дојран | 33.666 | 547 |
| Демир Капија | 33.523 | 545 |
| Петровец | 31.214 | 508 |
| Кавадарци | 30.287 | 492 |
| Македонски Брод | 28.994 | 471 |
| Центар Жупа | 28.918 | 470 |
| Старо Нагоричане | 28.159 | 458 |
| Дебрца | 26.893 | 437 |
| Лозово | 26.865 | 437 |
| Берово | 26.465 | 430 |
| Росоман | 26.215 | 426 |
| Свети Николе | 25.547 | 415 |
| Градско | 24.377 | 396 |
| Струмица | 24.349 | 396 |
| Пробиштип | 23.932 | 389 |
| Ново Село | 23.032 | 375 |
| Пехчево | 22.880 | 372 |
| Охрид | 22.692 | 369 |
| Богданци | 22.657 | 368 |
| Ранковце | 22.654 | 368 |
| Крива Паланка | 22.164 | 360 |
| Битола | 21.820 | 355 |
| Зрновци | 21.790 | 354 |
| Кратово | 21.680 | 353 |
| Гевгелија | 21.380 | 348 |
| Центар | 21.157 | 344 |
| Дебар | 21.145 | 344 |
| Штип | 21.133 | 344 |
| Демир Хисар | 20.925 | 340 |

| Општина | Во денари | Во евра |
|---|---|---|
| Кичево | 20.288 | 330 |
| Зелениково | 20.144 | 328 |
| Вевчани | 20.134 | 327 |
| Могила | 19.897 | 324 |
| Виница | 19.829 | 322 |
| Радовиш | 19.748 | 321 |
| Крушево | 19.323 | 314 |
| Чашка | 19.078 | 310 |
| Куманово | 18.950 | 308 |
| Илинден | 18.829 | 306 |
| Велес | 18.815 | 306 |
| Кочани | 18.768 | 305 |
| Гостивар | 18.680 | 304 |
| Прилеп | 18.668 | 304 |
| Долнени | 18.542 | 301 |
| Чешиново - Облешево | 18.068 | 294 |
| Тетово | 18.006 | 293 |
| Брвеница | 17.111 | 278 |
| Карпош | 17.082 | 278 |
| Кривогаштани | 16.949 | 276 |
| Липково | 16.930 | 275 |
| Јегуновце | 16.732 | 272 |
| Чучер - Сандево | 15.634 | 254 |
| Гази Баба | 15.604 | 254 |
| Врапчиште | 15.436 | 251 |
| Аеродром | 14.400 | 234 |
| Желино | 13.935 | 227 |
| Василево | 13.702 | 223 |
| Чаир | 13.398 | 218 |
| Бутел | 13.001 | 211 |
| Теарце | 12.379 | 201 |
| Босилово | 12.134 | 197 |
| Кисела Вода | 11.950 | 194 |
| Боговиње | 11.909 | 194 |

| | | |
|---|---|---|
| Валандово | 20.919 | 340 |
| Ресен | 20.622 | 335 |
| Сопиште | 20.526 | 334 |
| Неготино | 20.503 | 333 |
| Делчево | 20.451 | 333 |
| Струга | 20.400 | 332 |

| | | |
|---|---|---|
| Ѓорче Петров | 11.371 | 185 |
| Град Скопје | 10.984 | 179 |
| Сарај | 10.594 | 172 |
| Студеничани | 10.285 | 167 |
| Шуто Оризари | 9.900 | 161 |
| Арачиново | 9.791 | 159 |
| Пласница | 7.171 | 117 |

# КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ


Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година, Службен весник на РСМ бр. 287/2021

Електронски систем за јавни набавки

Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2018 година

Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

Извештај за пријавени обврски по субјекти за период декември 2022 година

Извештај за пријавени обврски по групи субјекти за период декември 2022 година

Извештај за пријавени обврски според вид на расход за период декември 2022 година

Извештај за пријавени обврски по видови комитенти за период декември 2022 година

Извештај за пријавени обврски по субјекти за период декември 2021 година

Извештај за пријавени обврски по групи субјекти за период декември 2021 година

Извештај за пријавени обврски според вид на расход за период декември 2021 година

Извештај за пријавени обврски по видови комитенти за период декември 2021 година

Извештај за пријавени обврски по субјекти за период декември 2020 година

Извештај за пријавени обврски по групи субјекти за период декември 2020 година

Извештај за пријавени обврски според вид на расход за период декември 2020 година

Извештај за пријавени обврски по видови комитенти за период декември 2020 година

Извршување на Буџети на ЕЛС за периодот 1.1.-31.12.2022 година

Извршување на Буџети на ЕЛС за периодот 1.1.-31.12.2021 година

Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Службен весник на РСМ, бр. 164/2022

Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Службен весник на РСМ, бр. 232/2022

Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Службен весник на РСМ, бр. 272/2022

Отворени финансии

Правилник за класификација на приходите, Службен весник на РМ, бр. 76/2009

Правилник за класификација на расходите, Службен весник на РМ, бр. 76/2009

Предлог Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

Расходи по буџетски корисници, јануари 2022

Расходи по буџетски корисници, јануари-декември 2022

Расходи по буџетски корисници, јануари 2021

Расходи по буџетски корисници, јануари – декември 2021